БИЛТЕН #2

# ПРОЕКТ RIDE AND SMILE

Повторно е време за да се потсетиме што сме направиле досега, сите заедно, партнерите од проектот RIDE AND SMILE. Активностите продолжуваат со добро темпо по активирањето на проектниот вебсајт, и секако, чекор по чекор, се доближуваме поблиску до другите проектни цели.




Тимската работа е навистина вреднувана во RIDE AND SMILE, почнувајќи со нас партнерите, и сите вие кои не следите, наставници, родители, но и децата учениците како фокус на овој проект - со тимска работа, труд и придонес, забележуваме напредок до нашите цели!

Поради тоа, ги цениме мислењата од наставниците и родителите, притоа спроведовме анкета со релевантни фокус точки за овој проект; инфраструктура, велосипедизам, и дигитална писменост кај децата.

Овој проект е поддржан од Европската Комисија. Овој билтен ги изразува само гледишата на авторите, и Комисијата не е одговорна за било каква употреба со информациите од содржината.

## Какви беа одговорите од анкетата за наставници и родители?



За анкетите кои ги спроведовме, главната мотивација ни беше да дознаеме повеќе за децата кои одат на училиште со велосипед, без разлика дали сите имаат велосипед. Исто така, кои се потешкотиите за пристигнување на училиште со ваков вид на превоз, без разлика дали користат и друг вид на транспорт покрај велосипедот, или пак кое е растојанието од местото на живеење на детето и училиштето. Во овој контекст, исто така бевме љубопитни за дигиталните вештини и дигиталната писменост на децата, како голем фактор во нивното секојдневие, и како важен сегмент за посета на нашиот проектен вебсајт, како и за Интерактивната Платформа за Учење која следува во престојниот период.

Одговорите варираа од земја во земја, иако имаше и некакви сличности во повеќето области.

Генерално, анкетите покажаа дека во просек едно одделение има помеѓу 20 и 30 ученици, и само дел од нив одат со велосипед на училиште. Всушност, скоро 50% или помалку одат со велосипед на училиште. Повеќето од децата имаат сопствен велосипед, не земајќи ги во предвид условите кои би биле пречка за возење велосипед.

Поради ова, најчеста причина за да не се вози велосипед до училиште (или друга потреба) е недоволна безбедност во сообраќајот, т.е., недоволно добра инфраструктура. И секако, скоро секое дете користи или пак има пристап до смартфон, лаптоп, и подпросечно за користење таблет. Не беа приметени значајни пречки во однос на дигиталната писменост (доколку се исклучи опцијата немање смартфон/лаптоп, во мал процент).

Овој проект е поддржан од Европската Комисија. Овој билтен ги изразува само гледишата на авторите, и Комисијата не е одговорна за било каква употреба со информациите од содржината.

## Што е BTS - Bike to School, и зошто е важно за RIDE AND SMILE?

Предизвикот Bike to School е всушност иницијатива покрената од родители кои со своја желба и волја се организираат да бидат придружба на децата кои одат на училиште - со велосипед. Сепак, најдоброто тука е што оваа иницијатива стана официјална Асоцијација во 2018, и неодамна, на 30ти Април 2021, беа дел од поголем предизвик за промовирање на велосипедизмот до училиштата; повеќе градови во Италија, со вклучени 40 училишта и вкупно 500 деца кои тој ден тргнаа на училиште со велосипед. Ова е прекрасен начин за да се стави фокус на ваква важна тема, правилно и забавно.




Овој проект е поддржан од Европската Комисија. Овој билтен ги изразува само гледишата на авторите, и Комисијата не е одговорна за било каква употреба со информациите од содржината.

**Инспирирано од овој предизвик, BTS, имајте ја на ум и оваа идеја:**




Овој проект е поддржан од Европската Комисија. Овој билтен ги изразува само гледишата на авторите, и Комисијата не е одговорна за било каква употреба со информациите од содржината.

## Тековно - Што правиме сега? Истражувања на најдобри практики и развој на ILP - Interactive Learning Platform (Интерактивна Платформа за Учење)

Сите ние партнерите од цел конзорциум бевме ангажирани со прелиминарни истражувања за најдобри практики на национално и пошироко ниво - за било какви корисни предлози кои придонесуваат за функционалноста и креативноста на изведбата на ILP платформата, или поточно, нејзините гео-сегменти имплементирани од партнерите Paris-Lodron-Universitat Салцбург, Австрија.




Со оваа цел, сите проектни партнери истражуваа и нивните предлози беа користени како добри примери; мобилни апликации, вебсајт страници, дигитални наставни програми и материјали, платформи користени во заедници низ Европа, но дури и САД, и тоа креирани од министерства за инфраструктура низ земјите и пошироко. Сите овие апликации, вебсајт страници, платформи и слично се наменети за таргет групите: ученици, младинци, семејства, наставници и велосипедисти (и спортисти).

Повикувајќи се на вакви добри примери и практики, ILP ќе биде креирана во целосен потенцијал; се со цел повеќе возење велосипед од страна на децата и младинците, следење на растојанијата поминати со велосипед и тоа успешно, поддржување на предизвикот BTS за учениците од Европските училишта, и формирање партнерства со локални велосипедски продавници и сервиси, и слично...

Овој проект е поддржан од Европската Комисија. Овој билтен ги изразува само гледиштата на авторите, и Комисијата не е одговорна за било каква употреба со информациите од содржината.




И секако, за повеќе вести во меѓувреме, следете не на нашата Фејсбук страница.

Останете со нас!

Овој проект е поддржан од Европската Комисија. Овој билтен ги изразува само гледишата на авторите, и Комисијата не е одговорна за било каква употреба со информациите од содржината.